# План за инволвирање на засегнатите страни во заштитените подрачја на Република Македонија – Национален парк Пелистер и Споменикот на природата Преспанското Езеро како пример

Нацрт 22.5.2018 / Jouko Högmander и Arto Ahokumpu

# 1. Содржина

1. Содржина ..... 2
2. Кратко резиме ..... 3
3. Вовед ..... 5
4. Партиципативно планирање и „отворен пристап“? ..... 6
Кога? ..... 6
Зашто? ..... 7
Слушање ..... 8
Правна основа ..... 8
5. Кои се засегнатите страни? ..... 8
Кои се придобивките од анализата на засегнатите страни? ..... 9
Како да се идентификуваат засегнатите страни? ..... 9
6. Анализа на засегнати страни ..... 10
Утврдување на приоритетни засегнати страни ..... 10
Клучни засегнати страни и сите останати ..... 12
7. Градење на доверба ..... 12
8. Комуникација со засегнатите страни ..... 14
Дали ни е потребен план за учество? ..... 14
Јавни средби ..... 15
Претседавачите ги прават јавните средби успешни ..... 16
Документирање на добиениот инпут ..... 17
9. Управување со конфликти ..... 18
Како да се справиме со конфликтот, без разлика каков е? ..... 18
10. Кон постојана соработка со засегнатите страни ..... 20
Идеи и методи за постојана соработка помеѓу засегнатите страни и раководителите на заштитеното подрачје ..... 20
Од каде да најдеме ресурси за соработка со засегнатите страни? ..... 24
11. Студија на случај 1: Отворен пристап во идентификување на Натура 2000 подрачја ..... 24
Процес на подготовка ..... 25
Порака и прашања ..... 26
12. Студија на случај 2: За засегнатите страни околу Националниот парк Пелистер и споменикот на природара Преспанското езеро ..... 27
Користени методи ..... 27

Резултати од интервјуата ........................................................................................................ 29
Дискусија во врска со резултатите ........................................................................................... 31
Листа на интервјуирани засегнати страни и администрацијата на заштитените подрачја........ 32
13. Студија на случај 3: инволвирање на засегнатите страни во активностите на проектот . 32
Инволвирање на засегнатите страни во планирање на управувањето и Студијата за валоризација на природните вредности ........................................................................ 33
14. Насоки за иднина ............................................................................................................. 37
15. Користена литература....................................................................................................... 37
1. Табела на предлози и препораки ................................................................................. 39
АНЕКС 1: Листа на засегнати страни и администрација на заштитените подрачја околу споменикот на природата Преспанското Езеро........................................................................ 45

## 2. Кратко резиме

Овој план има за цел да претстави начини за комуникација со засегнатите страни.Тој е наменет за раководните лица на заштитените подрачја и другите одговорни тела за заштита и зачувување на природата. Притоа, во целокупната комуникација треба да постои отворен пристап во којшто засегнатите страни ќе бидат охрабрени и поканети да земат учество во дискусиите.

Методот на „Отворен пристап“ во управувањето со заштитените подрачја е алатка која има свои предности во три основни процеси: 1) планирањето на развојот на заштитените подрачја, 2) одржувањето на редовни контакти, барем со клучните засегнати страни и 3) продуцирањето на информации за заштитените подрачја.

Со зголемувањето на комуникација со засегнатите страни, постепено се менува ставот како помеѓу вработените, така и помеѓу самите засегнати страни. Тоа ја намалува бариерата за засегнатите страни и посетителите да се приближат кон заштитените подрачја и вработените.

Доколку успееме, ова ќе резултира во зголемено прифаќање на националните паркови и другите заштитени подрачја, но и ќе го олесни креирањето на мрежата на Натура 2000 подрачја во земјата. Со зголемување на прифаќањето ќе се зголемат и ресурсите кои ќе помогнат во исполнувањењто на очекувањата.

Методите што овде се презентираат може да се применат уште во најраните фази на идентификација на Натура 2000 подрачјата, како и при остварување на комуникација помеѓу веќе постоечките паркови и нивните засегнати страни. Многу важен чекор во овој процес е утврдување на методологијата за развивање на комуникација од најрана фаза па сè до воспоставување на соработката, што во суштина претставува еден вид на заедничко управување со заштитените подрачја.

Понатаму, во овој процес важна улога има идентификацијата и анализата на засегнатите страни. За таа цел користиме анализа со графикон (слика1), којшто помага да се направианализа и да се приоритетизираат засегнатите страни на даденото заштитено подрачје. Методите за комуникација со засегнатите страни, исто така, детално се опишуваат.

Не траба да се заборави и важноста на градењето на доверба, а раководителите на заштитените подрачја треба да имаат вештини за избегнување на конфликти, или во крајна линија, доколку се појават конфликти успешно да се справат со истите. Сепак, на подолг рок, справувањето со конфликти секогаш одзема повеќе време, отколку креирањето на добра атмосфера за соработка.

Во покомплексни проекти, планот за подготовка е добра основа за планирање на процесот на комуникација. Резултатите од учество треба внимателно да се докуметираат и да бидат достапни за сите. Активирањето на засегнатите страни, исто така е многу важно и истото може да се направи со  помош на јавните медиуми, или социјалните медиуми. Доколку не се инвестира во активирањето на луѓето, целиот метод ќе биде прилично безуспешен.

Јавните средби доста често се користат како метод  за инволвирање на засегнатите страни. Во овој документ се дадени детални упатства за тоа како успешно да се организираат јавните средби. Сепак, одржување на само еден состанок, секако не е доволно, одосно потребни се повеќе состанци и работилници со цел да се здобие посветеноста на засегнатите страни за постојана соработка.Во овој документ се презентирани и неколку различни начини за соработка.

Управителите со заштитените подрачја често се соочуваат со недостаток на човечки и материјални ресурси. Притоа, од голема помош е приоретизирањето на работата и искористувањето на што е можно повеќе ресурси од сите достапни проекти со надворешно финансирање.

Во Студијата на случај 1, идентификувањето на Натура 2000 подрачја се разгледува од аспектот на тоа кога и како да се инволвираат засегнатите страни во процесот на подготовка. Методите за подготовка се оние што се опишани во овој документ, но да се препознае моментумот е предизвик.Дали засегнатите страни треба да бидат поканети да се вклучат на самиот почеток за време на вршење на инвентаризација на терен? Или е подобро да се чека до подготовката на нацртот? Дали вклучувањето на засегнатите страни на самиот крај е најдобриот избор, во времето кога се подготвува националниот предлог?

Во друг извештај (Студија на случај 2) се презентирани резултатите од интервјуата со 33 групи на засегнати страни и тројца раководители на заштитено подрачје. Секое интервју се состоеше од 5 главни теми: контактите со заштитеното подрачје; искуството и вклученоста во претходните процеси на планирање на управувањето со заштитеното подрачје; познавањата за програмата Натура 2000; ставови и очекувања за соработката со целните подрачја на овој проект; и заинтересираноста за обуки за планирање на управувањето и имплементација на Натура 2000 програмата.

Интервјуата дадоа добар увид од најниско ниво. Од нив произлегоа три препораки: искуството и знаењата на засегнатите страни, научните совети и НВО се ресурси кои треба да се користат при планирањето на управувањето и во имплементирањето на Натура 2000; со засегнатите страни треба блиско да се соработува преку поактивно работење на советите и на крај, треба да се вложи повеќе во подигнувањето на јавната свест.

Во студијата на случај 3, е опишано како вклученоста на засегнатите страни се интегрира со активностите на проектот. Тука е прикажана врската помеѓу три активности: вклучувањето на засегнатите страни, процес на планирање на управувањето и обука. На слика 2 се идентификуваат неколку засегнатите страни, како пример, за работилници кои работат на 7 програми за управување кои се клучни за планирањето на управувањето.

На крајот на овој извештај е поместена сумарна табела во која се дадени и накратко презентирани предлози и препораки за имплементирање на планот. Табелата, исто така, ја покажува поврзаноста на предлозите во овој извештај и во Планот за обука, кој е изработен во рамките на овој Твининг проект.

# 3. Вовед

Некој можеби ќе се запраша „Треба ли ние како раководители на едно заштитено подрачје да стапиме во контакт и активно да соработуваме со засегнатите страни околу нас?“ Или би било полесно и би одземалко помалку време и напор доколку избегнеме прашања и расправии? Во секој случај, зарем не сме ние оние што најдобро знаат како овој дел од нашето културно наследство треба да се управува? Или, времето на таквото однесување веќе помина? Дали може да постигнеме подобри резултати, да го подобриме управувањњето и стекнеме повеќе пријатели, отколку противници, доколку вложиме повеќе во „Отворен пристап“ во општеството околу нас?

Директорите на националните паркови низ Европа неспорно имаат огромно искуство во соработка и инволвирање на засегнатите страни. Секако, најголем дел од нив лично учествуваат на голем број на состаноци со локалното население, на кои се презентира новиот нацрт план за управување со заштитеното подрачје. Најчесто на овие состаноци учесниците или не даваат никакви коментари, или од кометарите се гледа дека пораката зад плановите не била разберена, или пак уште полошо дека предлозите за националниот парк се неприфатливи за локалните чинители. Понекогаш пак се случува сосема спротивното, односно вработените од националниот парк се пресретнати од изненадувачки добра и конструктивна дискусија во која се добиваат голем број на добри прашања, корисни информации за локланите околности, како и корисни предлози за подобрување на планот за управување. Учесниците после ваквите состаноци излегуваат задоволни и насмеани.

Но како да го постигнеме тоа? Како да најдеме начини за воспоставување на успешна и конструктивна соработка со засегнатите страни на некое заштитено подрачје? Како да се прифати дека постојат и други засегнати страни? Како да ги заинтересираме активно да учествуваат во управувањето со заштитеното подрачје?

Целта на овој план е даопише како органите за управување со заштитените подрачја треба да работат со засегнатите страни и како истите да ги вклучат во конструктивна и позитивна комуникација. При подготовката на овој документ беа анализирани претходни искуства од некои европски земји. Освен тоа, беше користено и локалното искуство од Националниот парк Пелистер и Споменикот на природата Преспанското Езеро. Сепак, методите и препораките може да се користат насекаде низ државата, без разлика дали се работи за воспоставување на ново Натура 2000 подрачје, или се работи за планирање на управувањето со постоечко заштитено подрачје. Целта на планот е:

- Да докаже дека е можно, дури и неопходно да се соработува со засегнатите страни
- Да поттикне „отворен пристап“ во комуникација
- Да им се дадат овластувања на засегнатите страни да се инволвираат во активности за воспоставување на Натура 2000 подрачја?
- Да опише како се идентификуваат засегнатите страни и како се прави анализа на истите

- Да се препознаат потребите и интересите на засегнатите страни во управувањето со заштитените подрачја
- Да се изгради доверба
- Да се избегнат конфликти, или да се спавиме со истите
- Да се прикажат опции за континуирана и трајна соработка и дијалог
- Да се даде поддршка за проценка на ресурсите кои се потребни за соработка со засегнатите страни

Овој план може да се користи како алатка за раководителите на заштитените подрачја во Република Македонија. Притоа, треба да се потенцира дека за постоечките проблеми треба да се дискутира, а не да се избегнуваат, па дури и кога се знае дека некои од нив многу ретко, или тешко се решаваат. Ништо не може да се смени преку ноќ, а алатките кои им се достапни на раководителите треба една по една да се тестираат за да се види колку се успешни и функционални.

За да се воспостави добра комуникација со засегнатите страни потребно е да се посвети време. Состаноци се организираат и во доцните попладневни часови и за време на викендите, преку целата година. Да се надеваме дека раководителите на заштитените подрачја во Македонија ќе имаат доволно ресурси кои ќе бидат ангажирани за целите на градење на добра соработка со засегнатите страни.

## 4. Партиципативно планирање и „отворен пристап“?

Отворениот пристап на соработка со засегнатите страни е метод со кој се потенцира волјата да се вкучат засегнатите страни и да се оствари отворена и транспарентна комуникација.

Голем број на проблеми може да се решат или избегнат со постоење на отворен пристап и отворена комуникација. Раководителите на заштитените подрачја може да се соочуваат со недостаток на ресурси и ограничени можности да влијаат врз политиката на управувањето со заштитените подрачја, но можностите за добра и отворена комуникација се секогаш достапни.

Луѓето, исто така, се повеќе се интересираат за тоа што се случува во нивната околина. Националните паркови и заштитените подрачја привлекуваат национално, па дури и меѓународно внимание. Тие се дел од националното природно и културно наследство и се одраз на сликата на земјата.

Традиционалната, старомодната практика на планирањето на употребата на подрачјето се водеше од тоа дека: „Ние, како овластени тела, ги креираме плановите, ние имаме пристап до информациите, ние сме експерти и ние знаеме како е најдобро за сите. Јавноста може да ја информираме дури откако ќе го изготвиме планот“. Меѓутоа денеска, тоа веќе не е доволно. Луѓето денес сакаат да учествуваат и да имаат влоијание врз планирањето и унапредувањето на нашата заедничка сопственост.

### Кога?

„Отворен пристап“ и транспарентноста во управувањето со заштитените подрачја е корисна алатка која има свои предности во три основни процеси: 1) планирањето на развојот на заштитените подрачја, 2) одржувањето на редовни контакти, барем со клучните засегнати страни и 3) продуцирањето на информации за заштитените подрачја.

Подготвувањето на планот за управување е долг процес во кој има многу можности за инволвирање и соработка со лица и организации. Но, освен планот за управување и просторниот план, или деталните планови вклучуваат елементи кои може да бидат интересни за засегнатите страни.

Управителите на парковите и другите одговорни лица треба да одржуваат редовни контакти со засегнатите страни. Ваквите контакти може да бидат по потреба или на редова основа. Дури и повремен заеднички ручек е добра можност за размена на најнови информации со засегнатите страни и останатите партнери. Ваков вид на соработка и одржување на контактите е дел од вообичаената работа на одговорните лица.

## Зашто?

Во Македонија, унапредувањето на зачувувањето на природата има потреба од значителна поддршка како на национално, така и на локлно ниво. Поддршка е потребна и од носителите на одлуки и од локалната заедница. Ваквата поддршка ќе биде клучна, кога ќе дојдат на ред поголемите предизвици, како што се ревизијата на Законот за зачувување на природата, спроведувањето на Директивите за живеалишта и птици, како и утврдувањето на мрежата на натура 2000.

Еден од водечките принципи во овој Твининг проект е имплементацијата на „отворен пристап“ во администрирањето и управувањето со заштитените подрачја. Ваквиот пристап е дел од моредното зачувување на природата, па затоа и во Планот за обука, које е еден од резултатите во овој Твининг проект, исто така, акцентот се става на „отворениот пристап“.

Со зголемувањето на комуникација со засегнатите страни, постепено се менува ставот како помеѓу вработените, така и помеѓу самите засегнати страни. Тоа ја намалува бариерата за засегнатите страни и посетителите да се приближат кон заштитените подрачја и вработените. Доколку успееме, ова ќе резултира во зголемено прифаќање на националните паркови и другите заштитени подрачја, но и ќе го олесни креирањето на мрежата на Натура 2000 подрачја во земјата. Со зголемување на прифаќањето ќе се зголемат и ресурсите кои ќе помогнат во исполнувањењто на очекувањата. Овој процес на постепена промена како резултат на користењето на „отворен пристап“ може да се опише на следниот начин:

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНТАКТИТЕ И КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

⇓

ПОДОБРА СОРАБОТКА ЗА УПОТРЕБАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

⇓

ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИФАТЕНОСТА ВО ОПШТЕСТВОТО

⇓

ПОДДРШКА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНОТО ПОДРАЧЈЕ

### Слушање

Помеѓу луѓето секогаш постојат различни погледи. Затоа, оние кои го прават планирањето секогаш може да имаат некаква придобивка од гледиштата, или различните мислења на другите. Секако, за ова е потребно малку повеќе време и трпение, но на крај планот ќе биде подобар, а истовремено и конфликтите би се решиле уште во рана фаза.

Партиципативното планирање е метод во којшто засегнатите страни внимателно ги слушаме и во кој тие имаат вистинска улога и можност да учествуваат во процесите на планирање. Ова влева доверба, а довербата е добра основа за постојана и плодна соработка дури и по процесот на планирање, односно и за време на управувањето со заштитеното подрачје.

Најдобар начин да се избегнат проблеми, непријатни чувства и долготрајни несогласувања е луѓето да се вклучат уште во процесот на планирање. Партиципативното планирање е начин да се решат најголем дел од постоечките  проблеми. Со отворен пристап може да се стекне довербата на луѓето, со што се зголемува и прифаќањето на заштитеното подрачје, без кое е многу тешко да се остварат целите на заштитеното подрачје. Ова исто така е во согласност со барањата кои Директивите за птици и живеалишта ќе ги поставaт пред РМ и нејзината Натура 2000 мрежа.

### Правна основа

Идеата за демократско учество при носењето на одлуки е содржана во Лисабонскиот договор на Европската Унија (член 21). Според тоа, се очекува овој принцип да се следи и при имплементирање на Директивите за птици и живеалишта во земјата. Директивата за живеалишта, за разлика од другите европски директиви, не налага никаква обврска, или процедура за учество на јавноста во утврдувањето на мрежата на Натура 2000, за време на подготовката на планот за управување, или за време на спроведувањето на мерките на управување. Сепак, Европската Унија во Декларацијата од Ел Теиде (2002) потенцира дека учеството на локалното население и на сопствениците на земјиште е нопходно за успешно воведување на Натура 2000. Директивата за живеалишта предвидува дека „мерките кои ќе се преземаат согласно со оваа Директива треба да ги земат предвид економските, социјалните и културолошките барања, како и регионалните и локалните карактеристики“ (Член 2).

На национално ниво, принципот на јавно учество (јавен пристап до информации и јавно учество во носењето на одлуки поврзани со заштитата на природата)сеуште не е вклучен во Законот за заштита на природата на Република Македонија. Се надеваме дека ваквите правила и принципи ќе бидат вклучени во новиот закон. Сепак, на ниво на закон, тие би биле генерално дефинирани, а потоа подетално прецизирани, на пример во Правилник за „отворен пристап“.

Овој труд е своевиден план за имаплементирање на овие барања и насоки од европско и национално ниво.

## 5. Кои се засегнатите страни?

Познато е дека поддршката од засегнатите страни и општеството е од витално значење за успешното управување со заштитените подрачја. Но, кои се нашите засегнати страни?  Од

аспектот на заштитата на природата, засегнатите страни може да ги дефинираме на следниов начин:

*Лице, група, организација или овластено тело кое има интерс или е на некаков начин засегнато со заштитата на природата во рамките или околку нашето заштитено подрачје е наша засегната страна.*

Според тоа, засегнатата страна не мора да има правна поврзаност со заштитеното подрачје, туку само интерес да добие информации, да учествува и да добие шанса да влијае врз носењето на одлуки со тоа што ќе ги презентира своите ставови и гледишта. Од ова произлегува заклучокот дека постојат голем број на засегнати страни и истите имаат различни улоги.

Засегнатите страни може да влијаат или да бидат под влијание на дејствијата на органите за управување со заштитените подрачја, целите и политиките. Како примери од многубројните засегнати страни може да ги споменеме:  туристичките претприемачи, здруженија на фармери, планинарски клубови, собирачите на шумски плодови, рибарите, општините, организациите за заштита на животната средина, шумските власти, организациите за развој на руралните подрачја и тн. Сите тие,најверојатно, барем малку имаат интерес за заштитеното подрачје во нивната околина. Управителите на заштитенотоподрачје треба да ги отворат вратите и да создадат услови за комуникација.

Во пракса, во областа на заштитата на природата има голем број на можности за инволвирање, почнувајќи од фазата на идентификација на ново заштитено подрачје во рамките на мрежата на Натура 2000. За постоечките заштитени подрачја, Научниот совет и Советот на засегнати страни кои вообичаено работат со поголемите заштитени подрачја во Република Македонија, претставуваат добар форум. Но тие, сепак, не се доволни. Со цел да се дојде до поголем број на луѓе, треба да се користат медиумите, како и состаноци и работилници како една од достапните алатки.

## Кои се придобивките од анализата на засегнатите страни?

Доколку сакате да работите со засегнатите страни, треба да ги идентификувате и да знаете кои се тие. Анализата за засегнатите страни може да служи како поддршка за процедурите за планирање, но и како алатка за секојдневното управување со заштитените подрачја. Анализата на засегнатите страни ги подобрува нашите познавања и свесноста за:

- Интересите на сите засегнати страни, кои на позитивен или негативен начин може да влијаат врз или да се под влијание на одлуките во процесот на планирање.
- Потенцијални проблеми кои можат да го нарушат процесот
- Клучни лица за трансфер на информации за време на процедурата и потоа
- Групи кои треба да се охрабрат да учествуваат во различни фази на управувањето
- Начини да се намали потенцијалното негативно влијание и да се справи си негативните засегнати лица

## Како да се идентификуваат засегнатите страни?

Започнете со размислување: кои се засегнатите страни во нашите заштитени подрачја? Во таа насока размислете врз кои луѓе влијае вашето работење, кои имаат влијание и моќ над работењето или имаат интерес работата да се заврши успешно, или да не се заврши.

На следната листа се дадени некои групи на засегнати страни кои се поврзани со активностите на нашето заштитено подрачје, иако листата не е комплетна, туку е само орентациона:

- Население кое живее во близина на заштитеното подрачје
- Сопственици на земја на заштитеното подрачје
- Уживатели на природата во заштитеното подрачје
- Луѓе кои заштитеното подрачје го користат за традиционални активности како берење на шумски плодови, печурки, билки, напасување на стока и слично, за сопствевни потреби или врз основа на договори за наем
- Министерствата кои имаат поврзаност со таа територија или активностите таму
- Сите засегнати јавни претпријатија
- Општината и локалната самоуправа и различните сектори
- Локалните училишта
- Научните тела, универзитетите и други институции
- НВО за животна средина и / или подигнување на јавната свест на национално и регионално ниво
- Локални акциски групи и груги НВО за одржлив развој и /или за унапредувањето на добросостојбата
- Фармери и здруженија на фармери
- Планинари и планинарски клубови
- Ловечки клубови
- Рибарски организации
- Организации за спасување
- Туристички компании (тур оператори, хотели, водичи и сл.)
- Компании кои работат со енергетика и /или комуникации

Во рамките на гореспоменатите групи, треба да се идентификуваат локални и регионални актери и треба да се додадат уште поголем број на локални имиња. Засегнатите страни може да бидат и организации и лица, но како и да е, во крајна линија ние секогаш комуницираме со човек. Затоа, важно е да се идентификуваат вистинските поединци, заедно со групата на засегнати страни или организацијата.

# 6. Анализа на засегнати страни

Анализа на засегнати страни е процес при којшто систематски се прибираат квалитативни информации, со цел да се одреди чии интереси треба да се земат предвид при развивање на некое заштитено подрачје, или на националната мрежа на заштитени подрачја. Оваа анализа исто така дава одговор и на прашањето како да се соработува со другите чинители, или засегнати страни и помагне подобро да се разберат нивните гледишта и желби.

Секако, различни чинители имаат различни интереси. Интересите на еден фармер кој напасува стада овци во паркот не се исти како интересите на еден планинарски клуб, или хидроелектрична централа којашто врши економска дејност покрај река.

## Утврдување на приоритетни засегнати страни

Веќе може да се каже дека имаме готова листа на лица и организации кои се засегнати од нашето работење. (Глава 5. Кои се нашите засегнати страни?). Некои од нив дури имаат моќ или да го блокираат нашето работење, или да помогнат истото да се унапреди. Некои се заинтересирани за она што го правиме, на други не им е грижа, па затоа за нас е важно да се направи листа на приоритети.

Засегнатите страни може да се мапираат и класифицираат користејќи два фактора: нивното ниво на интерес за заштитеното подрачје  и нивото на влијание што го имаат. Анализата може да се направи на дијаграм за влијание и инетерес (Дијаграм за влијание и инетерес, слика 1).

Figure 1: Power/Interest Grid for Stakeholder Prioritization




Секој од засегнатите страни на нашата листа може да биде распределен на дијаграмот. Според позицијата на засегнатите страни треба да одлучиме какви дејствија треба да преземеме со нив:

- Високо влијание, високо ниво на заинтересираност на луѓето (одржување блиска соработка), на слика: (Manage Closely): овие луѓе мора целосно да бидат вклучени и за нив треба да се вложат сите напори за тие да бидат задоволни.
- Високо влијание, помалазаинтересираност (направете напори да го одржите нивниот интерес и соработка), на слика: (Keep Satisfied): работете на тоа да го задржите нивниот интерес и задоволство, но не до ниво на кое би ги преоптеретиле со вашето делување.
- Ниско влијание, висока заинтересираност(редовно обезбедувајте информации), на слика: (Keep Informed): соодветно информирајте ги овие луѓе и контактирајте со нив со цел да се осигурате дека не се појавиле некакви нови проблеми. Луѓето од оваа категорија најчесто се доста корисни за деталите во проектот.
- Ниско влијание, ниско ниво на заинтересираност(следете), на слика: (Monitor): следете ја оваа категортија на луѓе, но не ги преоптеретувајте со прекумерна комуникација.

Најверојатно е општината, на пример, да има високо влијание и моќ врз развојот на заштитеното подрачје, како и високо ниво на заинтересираност за истото. Локалните

невладини организации кои работат во областа на животната средина, секако имаат високо ниво на интерс, но ниско ниво на влијание.

Пополнувањето на предложениот дијаграм би била одлична вежба за некоја работилница. На истата би можеле да работат групи составени од научници, претставници на НВО и локални претприемачи, поканети од страна на одговорните лица на органите за управување со заштитеното подрачје. Друга опција е дијаграмот да го направат вработените во администрацијата на паркот и претставниците на МЖСПП.

Друга алатка за анализирање на засегнатите страни е подготовка на матрица, во која потенцијалните чинители се прикажани индивидуално по редови, а прашањата по колони, при што прашањата може да се однесуваат на:

- Влијанието на засегнатите страни врз нашето работење (високо, средно, ниско)?
- Колкаво влијание имаат засегнатите страни врз работењето (високо, средно, ниско)?
- Што е важно за конкретната засегната страна или за некоја група на засегнати страни?
- Како тој придонесува за нашето работење?
- Како може да ја блокира нашата работа?
- Стратегија за инволвирање на засегнатата страна?

Засегнатите страни не се еднообразна целина, туку целина на различни мислења, познавања и интереси. За управителите на заштитените подрачја клучно е да научат какви засегнати страни имаат во своето опкружување и какви се нивните мотиви.

### Клучни засегнати страни и сите останати

Овие две алатки за анализа на засегнати страни им даваат на управителите на заштитеното подрачје информации за идентификување на клучните чинители, оние кои имаат најголем интерес и влијание. Притоа, треба да се знае дека позицијата на секоја засегната страна треба да се разгледа поединечно, бидејќи влијанието и интересите се менуваат. Сепак, препознавањето на клучните засегнати страни не подразбира запоставување на сите останати. Напротив, запоставувањето на некоја засегната страна може да доведе до проблеми. Затоа, многу е важно да не пропуштиме никој од чинителите, особено при дисиминација на информации. Тоа е минимум услов што треба да се исполни.

Во секој случај, факт е дека управителите на заштитеното подрачје треба да обрнуваат повеќе внимание на засегнатите страни. Но, како да ги вклучиме во нашето заштитено подрачје? - Како прв чекор, може да работиме на градење на доверба, а потоа и на воспоставување на редовна комуникација и редовно поканување за учество на состаноци и работилници. Одлична можност е и идентификување и работење на заеднички проекти.

Но, не е доволносамо да се идентификуваат клучните засегнати страни. Треба, исто така, да ги знаете и нивните интереси во врска со заштитеното подрачје и дали имате со нив заеднички цели, или пак има несогласувања помеѓу вашите и нивните цели. Не е невообичаено некоја влијателена засегната страна да сака да промени нешто што раководните органи на заштитеното подрачје сакаат да го сочуваат, или обратно. Затоа ни се потребни вештини и познавање на алатките кои ни се достапни!

## 7. Градење на доверба

Ние сме си потребни едни на други – управителите на заштитените подрачја и засегнатите страни. За поголемите заштитени подрачја се потребни повеќе контакти и комуникација, но секое заштитено подрачје е, и мора да биде дел од општеството што го опкружува. За да може да изградиме добра комуникација потребна е доверба. Тоа за двете страни подразбира навремено доставување на веродостојни информации. Од искуството на странските заштитените подрачја може да се извлечат некои општи правила: Следните 5 точки се клучни при градењето на доверба:

1) Градење на личен однос. Од искуство може да се рече дека воспоставувањето на интеракција со засегнатите страни на персонално ниво е ефективен начин да ги уверите луѓето дека нивните интереси сеслушаат и се земаат предвид. Дури и едно лице може многу да придонесе во остварувањето на лични контакти со засегнатите страни. Неговата, или нејзината посветеност и желба да инвестира време за развивање на меѓусебни односи со луѓето може да резултира во креирање на позитивна атмосфера за дискусија на какви било прашања.
2) Воспоставете основни правила за комуникација. Тие придонесуваат за градење на доверба со засегнатите страни. На состаноците од кои се очекува добивање на инпут од засегнатите страни треба:
    - Сите да ги замолите да ги почитуваат другите присутни на состанокот, односно да ги ислушаат и вреднуват интересите на другите, и
    - Да ги уверите присутните дека инпутот на секој од нив е вреден.

    Во процесот на преговарање, напоменете дека:

    - Било кој може да го напушти процесот, доколку се согласи да ги образложи своите проблеми пред целата група, со цел да се види дали истите може да се решат во рамките на групата;
    - Треба и на другите да им се даде ист приоритет за решавање на нивните проблеми, како што давате на решавањето на вашиот проблем;
    - Ќе се обидете да направите пакет решенија кои се однесуваат на интересите на сите, иако сте свесни дека можеби не секој од засегнатите страни ќе се согласи со секој аспект од понудените решенија. Со други аборови, може да побарате од учесниците да го прифатат пакетот онаков каков што е, под претпоставка дека решенијата се избалансирани и се однесуваат на интересите на секоја група;
    - Имајте ги предвид нивните јавни или приватни изјави и атмосферата на целиот процес;
    - Воздржете се од давање изјави пред медиумите за време на процесот на решавање на конфликти, или договорете се дека изјави ќе даваат само гласноговорници; и
    - Согласете се дека ќе бидете поворник за било какво договорено решение на конфликт.
3) Започнете со нештата кои се полесни за решавање. Ова добро функционира кога има поголем број на нерешени ситуации во рамките на некој конфликт и кога некои од нив полесно се решаваат отколку другите. Со решавање на таквите помали проблеми, уште во раните фази на процесот, засегнатите страни ќе почнат да развиваат чувство на доверба во процесот како и меѓусебна доверба. Истоа така, запомнете дека многу често луѓето ја започнуваат комуникацијата, односно дијалогот со поостар коментар или забелешка, но подоцна преминуваат кон многу потолерантни гледишта.

4) Никогаш не избувнувајте, без разлика што ќе видите, или слушнете. Независно од тоа колку е оправдана вашата реакција, со покажување на вашите чувства секогаш ќе изгубите нешто. Затоа, оставете ја насмевката на вашето лице!
5) Држете се до она што е договорено. Нема ништо полошо од изгубена доверба на засегнатите страни поради неодржано ветување.

# 8. Комуникација со засегнатите страни

Раководните лица на заштитеното подрачје треба да имаат вештини за комуникација во различни ситуации. Во националните паркови и други поголеми заштитени подрачја во кои има редовни посетители, најголемиот дел од комуникацијата се остварува со посетителите: како да се стигне до заштитеното подрачје, како да се најдат интересни места, како да се однесуваме и тн. Гледано од страна, комуникацијата со засегнатите страни е помалку видлива. Таа се однесува на прашања поврзани со тоа како да се унапреди заштитеното подрачје и други релевантни прашања.

Традиционалниот начин на комуникација е еднонасочен сообраќај, во кој само се пренесуваат информациите од овластените лица до засегнатите страни. Ваквата традиционална комуникација треба да биде заменета со голем број на нови, модерни начини на комуникација, вклучувајќи ја и партиципативноста. Сепак, потребата за партиципација, треба да биде проценета поединечно за секој случај.

Кога се во прашање важни планови, или кога се работи за некакво несогласување, целите треба да се постават на високо ниво, односно целта мора да биде вистински дијалог.

Алатките за комуникација со засегнатите страни се доста едноставни и применливи за секој вид на проект, а истите може да се комбинираат и менуваат секогаш кога е потребно:

- Писмо, електронска пошта или телефонско јавување
- Пораки на инфо таблите во заштитеното подрачје
- Веб-страницата на заштитеното подрачје, информирање преку Фејсбук и други современи канали
- Вести во медиумите, стручни статии во весниците
- Јавни настани за засегнатите страни, за сите заинтересирани
- Работилници за засегнатите страни
- Организирани настани во заштитеното подрачје, изложби
- Барање официјални изјави или писмени коментари

Меѓу нив,јавните настани, работилниците и организираните настани се особено добра можност за лична средба со засегнатите страни и за остварување на дијалог. За да се бидеме сигурни дека дијалогот ќе биде успешен, корисно би било да подготвиме план за поголемите настани со засегнатите страни.

## Дали ни е потребен план за учество?

За секој поголем проект, потребно е да се изготви план за учество. Резултатите поселно се остваруваат кога имаме добар план и јасно сме ги утврдиле целите и методите на учество. Со примена на овие насоки, можете, исто така, да направите план и за помалите проекти.

Всуштност, во таквите случаи, можеби би било доволно за лицето кое планира само да ги има осмислено главните идеи, да направи неколку телефонски разговори и да запише неколку поважни белешки. Деталноста на планот за учество зависи од видот на проектот.

Едноставни насоки за планот за учество – листа на задачи за нас:

- Цели за учество, што сакаме да добиеме од тоа?
- Управна група или совет на засегнати страни – дали имамеи дали ни се потребни?
- Засегнатите страни да бидат поканети (види анализа на засегнати страни!)
- Како да ги активираме нашите засегнати страни да учествуваат?
- Методи кои треба да се користат, целиот процес
- Материјали и средства кои ќе бидат потребни
- Како да се добие јавен инпут, како да се евидентираат коментарите и предлозите

По остварувањето на учеството, би било добро да го анализираме нашиот успех. Дали учеството ги исполнило целите? Дали сме добиле добар инпут и што знаеме за ставовите на засегнатите страни по процесот?

## Јавни средби

Јавните состаноци се настани во кои раководителот на заштитеното подрачје, или целиот персонал, има можност да ги запознае сите засегнати страни. Обично со засегнатите страни се организираат јавни средби кога се подготвува или ажурира план за управување со заштитеното подрачје или кога има потреба да се дискутира за други прашања поврзани со планот или управувањето. Секако, има повеќе видови на јавни средби, но овде ќе спомениме два вида: јавна средба со поканети засегнати страни (или заинтересирани лица кои добиле информација) и јавни расправи во кои се поканети организации / институции за да ги изразат своите официјални ставови. Понекогаш разликата помеѓу овие два вида на средби не е јасна.

Јавните средби може да привлечат десетици, ако не и стотици или повеќе лица, кога темата е интересна. Неочекуваниот голем број учесници може да создаде проблеми за нас, но би било уште полошо доколку нашите засегнати страни, поради некоја причина, воопшто не пројават интерес. За управителите на заштитените подрачја од суштинска важност е да остварат успешни договори, да ги вклучат и заинтересираат засегнатите страни. Тоа зависи од сликата што сакаме да ја креираме за нас: дали сакаме да создадеме имиџ на кооперативен и отворен партнер, или сме задоволни и со некој друг вид на слика за себе.

Пред да започнете со подготовките, би било корисно да ги утврдите целите за јавната средба. Информирањето на луѓето се разбира може да биде цел, но таа цел е премногу општа. Целите може да се видат и од гледна точка на учесниците и планерите.

На крајот од јавната средба,

- учесниците треба да знаат кон што е насочено планирањето,
- кои се главните идеи и каде да се добијат информации за деталите,
- како да учествуваат во планирањето,
- кои се алтернативите за планирање и
- како ќе се донесат одлуките.

Од друга страна, на крајот од состанокот, планерот треба да знае

- кои прашања се важни за учесниците,
- каков е односот на јавноста кон планирањето,
- како јавноста сака да учествува во иднина, и
- кој учествуваше на овој состанок.

За да се постигнат овие цели, кога се подготвува јавна средба треба да се земат предвид повеќе работи.

**Внимателна подготовка.** Ова во најмала рака опфаќа: избирање на време погодно за што е можно повеќе учесници; наоѓање на добро место (доволно големо, неутрална локација, аудиовизуелна опрема итн.); испраќање на покани најмалку две недели однапред, по можност со користење на медиумите (ако темата соодветствува на тоа); одлучете дали ќе се сервираат безалкохолни пијалоци како освежување; изберете кој ќе претседава и кој ќе држи говор на средбата; подгответе соопштение за медиумите (кое ќе биде објавено по состанокот).

**Две јавни средби** се препорачува да се одржат доколку планот е од исклучителна важност. Првата на почетокот на работата кога се разговара за целите и содржината, а втората средба кога ќе се презентира предлог-планот за коментари.

**Техничката организација**непосредно пред настанот вклучува: поставување на знаци, дефинирање на улогите на различни лица (кој ги поздравува луѓето на влезот, кој менаџира, кој е одговорен за техничка опрема или пијалоците и тн.). Не заборавајте да пуштите листа за потпис на учесници и да ги евидентирате коментарите и предлозите.

## Претседавачите ги прават јавните средби успешни

За секоја јавна средба треба да има добар претседавач. Тој треба да биде неутрален човек - по можност да не биде директорот на заштитеното подрачје - и да има добри комуникациски вештини. На почетокот, претседавачот се претставува и им посакува на сите учесници топло добредојде. Потоа се претставуваат сите организатори, се презентира агендата и мотивот за одржување на средбата. (Доколку има голем број на присутни учесници, не е разумно да се побара од учесниците да се претстават). На ваков начин, претседавачот за целиот настан креира позитивна и отворена атмосфера.

Пред да се премине на главната тема, презентирањето на планот или други прашања, претседавачот треба да информира за правилата на средбата:

- Прашања и коментариод јавноста се добредојдени,
- Секој што сака да земе збор, започнува со претствавување на себеси,
- Збор зема едно по едно лице,
- Тој што земал збор се држи до темата и е краток во излагањето, и
- Ништо не треба да се сфаќа лично .

Претседавачот, исто така, може да информира како ќе се врши документирањето на ставовите и каде се достапни формуларите за писмени коментари.

Покрај претседавачот, исто така и главниот говорник, лицето кое го претставува планот е многу важно. Неговиот или нејзиниот говор не смее да надмине 30 минути, во кои ќе бидат презентирани  главните точки пред јавноста, а можеби ќе се презентираат  и некои алтернативи. Ако има неколку презентации, другите ќе бидат пократки. Целиот настан со сите дискусии оптимално би требало да заврши за два часа, но тоа ретко се случува. Добро е да вклучите пауза во програмата. За време на паузата се служи освежување, а вработените и планерите на заштитените подрачја имаат можност за неформална дискусија со учесниците. Но, кога активното учество со пауза надминува три часа, луѓето се заморуваат, така што веќе ни освежувањето не помага.

Однесувањето на учесниците во голема мера зависи од тоа како се одржува средбата. Се додека  учесниците сметаат дека активностите на претседавачот се разумни и рационални, сè ќе помине во најдобар ред. Учесниците треба настанот да го сфаќаат како свој. Ставовите на учесниците во голема мера зависат од тоа како организаторите се облечени, како разговараат и каков материјал избираат да презентираат.

Од друга страна, доколку претседавачотне покажува интерес за ставовите на учесниците, тоа секако кај нив ќе предизвика негодување. Исто така, доколку состанокот не се води ефективно, учесниците може истиот  да го сметаат за изгубено време. Сепак, може меѓу учесниците да има лица кои се иритирани или лути од други причини. Без оглед на причината, претседавачот мора да биде подготвен и способен да се справи со фрустрираните лица на љубезен, но принципиелен начин. Во спротивно, само едно лице е доволно за да им го расипе настанот на останатите учесници.

Претседавачот треба да зборува јасно, разбирливо и да избегнува употреба на жаргон. Користењето на професионална терминологија или апстрактно говорење може да доведе до недоразбирање. Тој не треба да изразува свои ставови, ниту тој да одговара на прашањаповрзани со проблемот, туку истите да ги адресира до присутните експерти. Експертите, исто така, треба да даваат одговори само на засегнатата тема и да се воздржат од критикување на изнесените ставови или мислења на учесниците. Експертите никогаш не треба да се расправаат со учесниците, туку треба само да се фокусираат на конкретното  прашање и на тоа да бидат разбирливи. Претседавачот треба да знае кога дадените одговори се доволни.

## Документирање на добиениот инпут

Додека работиме на важни планови во кои се вклучени нашите засегнати страни, треба особено да внимаваме да неоставиме впечаток на арогантност. Сите инпути треба да се сфатат сериозно, без разлика дали се конструктивни и корисни или пак се критични или бескорисни. Сите коментари треба да бидат забележани, анализирани и одговорени.Тоа најдобро може да го направите користејќи табела која ќе ги следи темите на планот. Табелата може да биде составена од четири колони:

- име на лице / организација што го дава коментарот,
- што е предметот на дадениот коментар (прашање, дел од текстот),
- добиениот коментар/ во скратена форма или сумиранпо потреба)
- одговор на коментарот даден од планерот

Во одговорот важно е да се напомене како ќе се промени текстот / проблемот/ прашањето добиениот коментар, или зошто тоа нема да има измени. На овој начин ќе покажеме дека коментарите се ценети, дури и ако тие не секогаш доведуваат до промени. Табелата треба да биде испратена до сите засегнати страни или, барем, да биде достапна за секого.

# 9. Управување со конфликти

Наспроти сите напори, понекогаш отворената комуникација не резултира во лесна соработка. Позадинските разлики може да предизвикаат несогласување помеѓу засегнатите страни, или помеѓу нив и органите на управување со заштитеното подрачје. Доста често конфликтите постепено се развиваат од некаква расправија помеѓу лица или групи, иако само една расправија или несогласување не може да се смета за вистински конфликт. Затоа, доколку не се реши навреме, мало несогласување може да резултира во сериозен конфликт.

Управителите на заштитените подрачја често се среќаваат со спротивставување и конфликти во нивната работа, така што тие се научени да се соочуваат и справат со таквите ситуации. Притоа тие заземаат различни улоги: може да се медијатори, преговарачи, експерти или носители на одлуки. Независно од улогата тие се клучни фактори во решавањето на конфликти и често се во состојба да помогнат при решавањето на конфликтите.

Во ситуации кога се креира ново заштитено подрачје (на пр. При воведување на Натура 2000 подрачја) често мислењата се спротивставуваат со што се актуелизираат и старите разлики. Ова е карактеристично и при планирањето во некое веќе постоечко заштитено подрачје. Затоа, треба да се нагласи дека најважно е да се обидеме да ги избегнеме конфликтите, но доколку тоа не е можно треба да вложиме напори да ги решиме. Во рамките на заштитеното подрачје и надвор од него, најчесто постојат две главни причини за конфликти кои се поврзани со:

1) Недостаток на внимание од страна на одговорните лица на заштитеното подрачје да го инволвираат локалното население и другите кои се интересираат за ЗП, и/или
2) Луѓето или бизнис заедницата кои имаат потреба од користење на заштитеното подрачје (на пр. За напасување, за огревно дрво, за берба на плодови и печурки, лов, собирање на фуражни култури, или медицински билки или за планирање на одмаралишта или дури и хидроелектрани и тн.) а кои сметаат дека нивниот традиционален начин на користење на природните ресурси е загрозен.

Сепак, важно е да се знае дека конфликтите не сегогаш се само нешто негативно. Доколку правилно им пристапиме тие може да бидат можност за откривање на проблемите и нивно решавање, со што може да се постигне и напредок. Еден таков конструктивен напредок може да биде добар почеток за соработка помеѓу локалното население и раководителите на заштитените подрачја. За жал, многу конфликти може да резултираат и во контрапродуктивност и деструктивност, што води до штетни исходи и односи.

## Како да се справиме со конфликтот, без разлика каков е?

Постојат многу препораки и упатства за управување со конфликти. Некои од нив презентираат студии на случај од конфликти, дури и примери на насилни конфликти од заштитените подрачја ширум светот. Мрежата на заштитени подрачја во Македонија сеуште се развива, а несогласувањата реткопрераснуваат во конфликти.

Во случај на несогласување помеѓу засегнатите страни и раководителите на заштитените подрачја, корисно е да постои алатка за анализа на ситуацијата и планирање на мерки за ублажување на последиците или решавање на проблемот. За анализа на конфликти се препорачува следнава алатка:

1) **Рано предупредување.** Препознајте ги и најмалите сигнали кои можеби укажуваат на проблемите пред да се развијат во конфликти. Потребен е добар слух, особено кога се работи за плановите за заштитените подрачја во кои се инволвираат многу луѓе со многубројни интереси. Реагирајте веднаш така што ќе свртите внимание, ќе сослушате и ќе го сфатите предупредувањето сериозно. Обезбедете релевантни информации за засегнатите страни за да бидете сигурни дека недостатокот на информации не предизвикува проблеми или конфликти. Во спротивно, доколку не сослушате и не обрнете внимание, тоа може да ја влоши ситуацијата.
2) **Причина за конфликтот**. Анализирајте што стои зад конфликтот, која е причината за тоа? Фокусирајте се на основните интереси! Кога се справуваме со конфликти, од суштинско значење е да се знае позадината и потеклото на конфликтот.
3) **Анализа на засегнатите страни**. Како што беше споменато погоре, во анализата на засегнатите страни потребно е да ги познаваме оние страни кои се вклучени или може да бидат потенцијално вклучени во конфликтот. Кој може да трпи најголеми подледици од конфликтот, а кој би бил победник и кој би можел да има моќ да ги ублажи последиците или да го реши конфликтот?
4) **Проценка на сопствениот капацитет.** Кои се ресурсите на раководителите на заштитеното подрачје за изнаоѓање на решение: Дали тој или таа има време, персонал или материјални ресурси за да управува со конфликти? Кој има овластување да направи компромис ако е потребно? Дали раководителот на заштитеното подрачје има потреба од поддршка од други владини или локални власти за решавање на конфликтот? Како да добиете помош?
5) **Директни разговори со странките**, лице в лице и поединечно, доколку е потребно. Дури и во конфликтна ситуација, важно е да се отворат каналите за комуникација. Дискусиите можат да ни ги отворат очите и да го видиме конфликтот од спротивната страна.
6) **Алтернативни решенија.** Мапирањето на алтернативите, односно правење на листа на реални и помалку реални опции може да ја разјасни ситуацијата. Тоа дава поддршка во изнаоѓањена решението. Во форма на табела, секоја од алтернативите може да се прикаже со предности и недостатоци, победници и губитници. Мапирањето може да ги исклучи оние алтернативи кои не се можни поради некои причини.

Доколку мала разлика – што најчесто се јавува во процесот на планирање –почнува да се развива во конфликт, неопходно е да се реагира навремено и да преземат активности за да не уништи можноста за напредок на заштитеното подрачје.

Покрај тоа, добро е да се сфати дека секое несогласување или конфликт не може да се реши, и покрај сите напори. Понекогаш поддршката или решението може да дојде од националните власти, но понекогаш ни тие не можат ништо да сторат.

Времето ги лекува сите рани. А додека чекаме да се постигне некаков напредок на едно проблематично прашање, работата со другитетреба да продолжи.

# 10. Кон постојана соработка со засегнатите страни

Ззасегнатите страни треба да се гледаат како ресурс за заштитено подрачје, а не како товар за неговиот персонал. Како што беше нагласено претходно во овој документ, отворениот пристап и добрата комуникација ја подготвуваат основата за развој на соработката што резултира со взаемна корист. За администрацијата на заштитените подрачја, промената од улогата на далечна јавна установа до организација која бара соработка со засегнатите страни, нема да се случи преку ноќ. Потребна е подготвеност од сите страни, а промената се одвива  чекор по чекор. Потребна е обука и градење капацитети за воведување на нови начини на размислување. Овој пат за воспоставување на соработка вреди да се изоди, бидејќи на долг рок дава резултати: подобро управување, взаемна доверба и прифаќање.

## Идеи и методи за постојана соработка помеѓу засегнатите страни и раководителите на заштитеното подрачје

Постојат многу начини да се воспостави соработка. Основен предуслов за успешен напредок е отворен пристап и добра комуникација. Во продолжение, двете први опции се однесуваат на ситуацијата кога  во процес  е планирање на нова локација на Натура 2000 или заштитено подрачје, а останатите на постојните заштитени подрачја со персонал кој се грижи за управувањето и комуникацијата.

**Рано информирање**. Консултацијата со засегнатите страни е важна и неопходна, но кој би бил вистинскиот момент? Кога на се врши  валоризацијанекое незаштитено подрачје, со која се проценуваат природните и културните вредности, препорачливо ебарем сопствениците на земја и/или оние земјоделци кои ја користат таа територија за работа и обезбедување на средства за живот да бидат информирани. Сепак, оваа препорака може да се смета како меч со две острици: може да се воспостави добра соработка - или може да се предизвикаат сомнежи и да се создадеотпор уште во рана фаза. Затоа пред да се премине на преземање на некакви дејствија треба да се направи проценка од случај до случај.

**Работилници со засегнати страни.**Треба да знаете дека периодот на  воспоставувањена ново заштитено подрачје е критичен момент! Тоа е првата шанса да се воспостават добри односи меѓу органите на управување со заштитените подрачја и засегнатите страни - или ќе ја искористите, или ќе ја пропуштите! Добра основа и почеток за соработка и олеснување на можните проблеми е да ги поканите засегнатите страни и да основате работна група или работилница за подготовка на основањето на заштитеното подрачје.




**Советот на засегнати страни и Научниот совет.** Согласно Законот за заштита на природата на Македонија, треба да се основаат Совет на засегнати  страни и Научен совет кои ќе вршат работи поврзани со националните паркови (и другите значајни заштитени подрачја). Овие совети имаат карактер на советодавно тело за администрацијата на заштитените подрачја и носат оперативни одлуки. Тие се многу значајна алатка за унапредување на соработката со засегнатите страни. Сепак, искуството во работата на овие совети во земјава е мало, па затоа треба да се обрне особено внимание при изборот на членовите на советор, за тој да има доволна застапеност, но не да биде преголем и да овозможи непречено функционирање. Исто така, препорачливо е да се разгледа можноста за спојување на научниот и советот на засегнати страни, со што би се заштедиле ресурси и би се подобрила соработката помеѓу институциите и поединците. Притоа треба да се потенцираат неколку важни точки:

1) Разјаснување на улогата на советите како важна алатка за соработка. Потребно е да се разјасни улогата на членовите на советот, кои ги претставуваат своите организации/локалното население и имаат обврска да пренесат пораки до советот и обратно, да достават информации назад до нивната заедница. Дали советот ќе има улога да дава мислење за секакви прашања и проекти и независно да стапува во контакт со други овластени тел, доколку за тоа постои причина?
2) Технички правила со кои се дефинира какви теми се разговараат и како се носат одлуките на советот, како се подготвуваат точките на агендата
3) Потреба од ресурси за работа на советот. Организирањето состаноци и подготовката на агендата за големи групи учесници бара доста ресурси.

Во најголем број на случаи советите имаат улога на медијатори помеѓу вработените на заштитените подрачја и локалното население, научните институции и другите засеганти страни. Во подоцнежна фаза, би можело да се размисли за спојување на двата совети. Кога научните прашања се дискутираат со засегнатите страни, тоа придонесува за зголемување на нивото на знаење во двете насоки.

**Партиципативно планирање во заштитени подрачја**. Овој пристап е се почесто прифатен како дел од модерната администрација во сите земји. Го следи принципот на пристап „одоздола-

нагоре“. Прашањето е прилично комплексно, а методите за партиципативно планирање се прикажани одделно во Глава 4-6.

**Вклучување на младите луѓе во соработка**. Во Македонија, како и во многу други земји, постојат добри можности за работа на младите во националните паркови. На пример, работаво заштитено подрачјекако стажант, како студент кој подготвува теза за универзитетска диплома, асистент за некој научен истражувач, учесник во доброволна кампања итн. Тоа, од гледна точка на раководителот на подрачјето е добра инвестиција за иднината. Преку работно искуство, младите луѓе не само што можат да учат, туку и ќесе запознаат со природните вредностите на кои се заснова заштитата на природата.

Еден таков пример за долгорочна инвестиција е земен од праксата на Европскиот национален парк, каде што еднаш годишно, секој мај, седмоодделенците од сите три училишта беа поканетина целодневна екскурзија во националниот парк. Резултатите беа одлични, а децата и наставниците многу задоволни. Децата носеа позитивни пораки дома, така што сега, по 30-годишно искуство, најголемиот дел од локалното население знае барем нешто за тоа зошто природата треба да биде заштитена,но и ставовите на локланото население станаа уште попозитивни.

**Млади ренџери.** Младите ренџери, во некои европски земји се воведоа по модел првично развиен во САД од страна на Службата за национални паркови. Таму "Програмите за млади ренџери " се состојат од активности наменети за деца од 5- до 12-годишна возраст. Во рамките на активностите децата и нивните семејства пополнуваат однапред подготвени работни листови со активности кои ги насочуваат децата кон места кои инаку би ги пропуштиле, или на работи од особен интерес за нивната возрасната група.

Програмата Млади ренџери на Европаркот (EUROPARC Junior Ranger ) започна да се спроведува во 2002 година како пилот проект кој опфаќаше четири партнерски паркови. Мрежата оттогаш се прошири. Да се биде дел од проширената европска мрежа на млади ренџери им овозможува на младите луѓе да се поврзат со своите врсници ширум Европа. Програмата Европарк Федерација на млади ренџери (The EUROPARC Federation Junior Ranger Program ) е наменета за млади луѓе на возраст од 12 до 18 години кои живеат во или во близина на заштитеното подрачје. Во 2016 година, програмата вклучуваше околу 80 заштитени подрачја од 19 различни европски земји, и на неа секоја година работат околу 5000 млади луѓе. Повеќе информации за http://www.europarc.org/nature/young-people/junior-ranger-programme/.

**Волонтерски кампови**. Во некои национални паркови, постојат добри примери за кампови за волонтери, организирани заедно со некоја НВО или друга организација и вработените во националниот парк. Нивните активности може да се состојат од: управување со биотопите на некои загрозени видови, изградба на пешачки патеки и други услуги за посетителите или собирање на отпад долж популарните рути. Волонтерски кампови може да се организираат за младите, но почесто учесниците ги претставуваат сите возрасти. Програмите не се состојат само од напорна работа, туку и од планинарски активности, набљудување на природата или слушање на кратки предавања за флората и фауната. Честопати голем интерес покажува локалното население, но и луѓе од подалечни места, а некои организации имаат свои омилени проекти на кои работат по една недела на лето, секоја година.

**Пријатели на парковите**. Во некои национални паркови и други заштитени подрачја активните љубители на природата имаат воспоставено здруженија или клубови под наслов "Пријатели на

нашиот (национален) парк" или слично. Здружението за пријателство има за цел да гради поддршка за раководните служби на паркот на неколку начини: организирање на доброволна работа, собирање на средства за проекти за заштита на природата, подигнување на свеста, подготовка на извештаи за природното или културното наследство, ширење на информации, бранење на интересите на националниот парк во јавноста и др. Во некои големи национални паркови во САД и Канада, Пријателите на парковите имаат десетици илјади членови, а во неколку паркови здружението управува со центрите за посетители, продава производи и собира значителни суми на средства кои се потребни за различни корисни активности.

Ваков вид на активностинајчесто се зголемуваат со текот на годините, но сепак, пред да се премине кон основање на едно вакво здружение напрвин потребни се долгорочни напори за да се стекне добро ниво на доверба, како и комуникација и отворен пристап. Но, зошто да се чека?! Некои од познатите македонски национални паркови и споменици на природата веќе имаат голем број на пријатели!

**Партнерство**. **Одговорноста за организирање на туризам може и треба да биде поделена помеѓу администрацијата и туристичките компании.**Во развојот на туризмот, партнерството меѓу локалните туристички претпријатија и некој атрактивен национален парк е пристап кој успешно се спроведува во многу европски земји. Повелбата за одржлив туризам, која ја изготви и одржува Федерацијата Европаркови, е добар пример за функционална програма за партнерство. Партнерството значи соработка во која локалните претпријатија го добиваат статусот на партнер на националениот парк кога ќе исполнат одредени критериуми за одржлив туризам. Оваа соработка е плодна за двете страни: компанијата добива признание за квалитет и поволни услови за работа во паркот, додека националниот парк добива одговорен партнер кој споделува позитивни информации за паркот.

**Здружено управување.** Соработката со нашите засегнати страни може да има различни облици. Во денешно време многу имплементатори на проекти пристапуваат до раководителите на заштитените подрачја и иницираат соработка на некое ниво. Понекогаш раководителот на заштитеното подрачје може да биде иницијатор на проект. Исто така, некои локални активисти од Програмата Лидер, финансирана од ЕУ, може да дадат предлог проекти и да пристапат кон администрацијата на паркот. Во заштитените подрачја секогаш постои нешто што може да се работи, доколку се обезбедат луѓе, алатки и материјали потребни за таа работа. Сепак, плановите и надзорот на работата секако ги прави администрацијата на заштитените подрачја.

Денес постојат многу меѓународни донатори на Балканот кои подготвуваат предлог-проекти или бараат теми за нови проекти. Како еден атрактивен предлог од македонската страна би било развивањето на соработка со засегнатите страни и заедничкото управување со националните паркови, или други заштитени подрачја.

Инволвирањето на засегнатите страни во управувањето со заштитените подрачја може да се направи постепено, со имплементирање на заеднички проекти, заедички активности, размена на знаења и сл.

**Заедничко управување.** Пристапот наречен заедничко управување се применува во некои земји во развој. Постои значајна разлика помеѓу концептот на здружено управување и заедничко управување. Вториот опфаќа заедничко носење на одлуки, односно партнерите /засегнатите страни учествуваат во сите одлуки во заштитеното подрачје. Искуствата од овој пристап се контрадикторни, а македонското законодавство не го дозволува тоа.

**Политика на отворени врати (исто така позната како Отворена куќа).** Денот на Националните паркови е заеднички концепт успешно имплементиран во многу национални паркови. Федерацијата Европарк ги направи националните паркови меѓународно познати со концептот на Европски ден на парковите, кој обично се одржува во мај – тури со водичи, кратки предавања, музика, топли напитоци во природа, персонал на паркот и експерти за природа на располагање за секој заинтересиран! Постојат бројни начини да се отворат вратите на националниот парк за локалното население, заинтересираните страни и другите органи, на пр. организирање на прослава за Натура 2000 во мај, или за Меѓународниот ден на биодиверзитет и сл.

## Од каде да најдеме ресурси за соработка со засегнатите страни?

Соработката со засегнатите страни одзема време! Раководителите на заштитените подрачја во Р. Македонија постојано функционираат со многу малку ресурси- нема ниту доволно вработени за да ги покријат сите задачи, ниту средства за организирање на јавни настани. Работата секојдневно тече без иницијатива за нови активности. Како да се најде време за оние средби и состаноци за кои е потребно повеќе време за дискусија?

Постојат два одговора: приоретизирање на работата и користење на ресурсите од сите можни проекти со надворешно финансирање.

Блиската соработка со засегнатите страни претпоставува модерен начин на планирање, споделување на информации и работење. Луѓето во селата и градовите се активни. Тие сакаат да знаат како се управува со националното наследство, сакаат да имаат влијание врз тоа. Целото општество е насочено кон активно учество и таквиот развој не мкоже да биде запрен. Тогаш, зошто да не се приклучиме?

Притоа, не се работи само за намалување на ризиците од несогласување и конфликт. Засегнатите страни навистина имаат што да дадат за заштита на природата. Тие располагаат со голем капацитет на вештини и знаење кое може да биде корисно за управителите на заштитените подрачја. Некои од постарите граѓани имаат богато познавање на историјата на подрачјето, некои од селаните се вешти дрводелци, или уметници. Ловците, цел живот ги следат животните. Туристичките работници, или сопствениците на хотели имаат желба за организирање на тури со водичи во националните паркови, и така натаму.

Ваквиот човечки капитал е многу корисен за управителите на заштитените подрачја. Затоа, доколку во сите контакти со засегнатите страни настапиме инспиративно и покажеме почит кон ставовите на локалното население ќе креираме клима во која соработката со засегнатите страни ќе вроди со голема продуктивност.

# 11. Студија на случај 1: Отворен пристап во идентификување на Натура 2000 подрачја

Во пресрет на членството на Р.Македонија во Европската Унија, креирањето на Натура 2000 мрежата е значаен проект на државата за зачувување на природата. Во тој процес, треба да се користи отворениот пристап, опишан во овој труд. Искуставата од другите европски земји покажале дека слабо организиран процес води до конфликти, што има негативно влијание врз прифаќањето на фактот дека природата треба да се чува.

## Процес на подготовка

Креирањето на мрежата напредува со помош и под водство на Министерството за животна средина и просторно планирање и воголем број на случаи е помогнат од консултанти. Главните фази, со некои мали варијации, во процесот се:

- Идентификација на потенцијалните Натура 200 подрачја, избор на области за работа на терен и инвентаризација.
- Валоризацијана подрачјата, спроведување на инвентаризација на природното наследство базирано на видови и живеалишта.
- Изборналокалитети за идна подготовка.
- Подготовка на нацртиза секое подрачје, коисе состојат од генерален опис, листа на видови и живеалишта споменати во Директивите за птици и живеалишта, внесување на податоци во СОП (стандардниот образец за податоци), дефинирање на границите и вршење на проценка на состојбата на природата.
- Подготовка на национален предлог за посебно заштитените подрачја и посебните подрачја за конзервација, поднесување на предлозите до Европската комисија.
- Потврда од Европската комисија на националниот предлог и номинација на подрачјата
- Имплементација на законодавството за Натура 2000 подрачјата

Во секоја фаза од процесот, министерството или одговорната организација треба да може да процени како да пристапи до засегнатите страни; кои се тие (треба да се направи анализа на засегнати страни кога е потребно), кое е погодното време за нивно информирање.

Во Македонија постојат многу подрачја кои треба да се евалуираат со оваа процедура, а некои од нив се големи и го богат биодиверзитет, додека некои се мали и имаат само неколку природни вредности.Процесот на подготовка е различен за поголемите и помалите подрачја. Но генерално, вклучувањето на некое подрачје во мрежата влијае врз вообичаениот, традиционален начин на живеење на луѓето и користењето на земјата. Исто така, тоа може да има влијание и врз идните планови за подобрување на живеачката на луѓето или за вршење на некои нови активности, во случај кога постои ризик од штета врз природните вредности. Тоа е нешто за кое локалното население, секогаш се надева да добие повеќе информации.

Министерството мора да заземе став за тоа во која фаза треба да се информираат засегнатите страни при утврдување на некое Натура 2000 подрачје. Во пракса постојат три можности: 1) на почетокот, при инвентаризација (валозирација) на терен, 2) при подготовка на нацрт или 3) во последен момент, за време на подготовката на националниот предлог? Доколку не ги информирате засегнатите страни пред да ја добиете потврдата од Европската комисија, веќе сте задоцниле. Тогаш веќе не станува збор за отворен пристап.

Навременото информирање влијае позитивно и придонесува за добра комуникација. Но, може да доведе и до негативни реакции, без разлика колку добро е објаснета целта на процесот на подготовка. При првичното воспоставување на контакт тешко е да се оправда процесот, особено доколку нивото на почетни информации е недоволно. Но, да се работи тајно, да се прави инвентаризација без да се информира околното население секако ќе креира поголема фрустрација, отколку заземање на отворен пристап уште од самиот почеток. Може да се прошират неосновани критики кои тешто се побиваат кога ќе се прошират по социјалните медиуми. Затоа, информирањето и инволвирањето на засегнатите страни е процес кој сам посебе претставува предеизвик.

Понатаму, Министерството треба да одлучи кои методи ќе се користат за информирање (види Глава 8 Комуникација со засегнатите страни). Во голем број на случаи добар почеток е одржување на јавна средба. Доколку е потребна подетална комуникација, може да се организира и работилница. Самиот процес ќе покаже дали е потребно да се користи некоја дополнителна алатка.

## Порака и прашања

Содржината на релевантните директиви и програмата Натура 2000 се доста комплексни и содржат огромен број на детали и имиња на растенија, животни и живеалишта. Затоа е тешко на обичниот човек да му се даде целосна слика за системот. Треба да знаете да изберете што ќе зборувате пред секоја група, зависно од тоа што е важно за таа целна група. Во секој случај пораката треба да биде јасна и едноставна. Насоките во пораката треба да се следниве:

- Оваа област има високи биодиверзитетски врености, затоа треба да се гордееме и да ја сочуваме
- Подрачјето може да се користи на традиционален начин, но значајните живеалишта и видови треба да бидат зачувани
- Новите проекти кои може да влијаат на вредностите во и околу подрачјето треба да се предмет на проценка по номинирање на подрачјето
- Можни се рестрикции за штетно користење на замјиштето
- Но, има и позитивни очекувања. Може да се добие помош за управувањето со природата, зачувувањето на поголемите подрачја кои располагаат со атрактивни карактеристики може да резултира со поддршка на развојот на туризмот. Зачувувањето е можеби подобра гаранција за традиционалниот опстанок, отколку самите алтернативи
- Дали ќе има компензации за рестрикциите сеуште не се знае

Овие пораки ќе предизвикаат голем број на прашања. Одговорната институција мора да биде во можност да даде одговори на овие прашања:

- Како и кој ги дефинира вредностите на оваа подрачје?
- За какви рестрикции станува збор?
- Што е штетно, а што не е?
- Како новите проекти во подрачјето и околку ќе се проценуваат и кој ќе го врши тоа?
- Дали ќе се даваат компензации за рестрикциите?
- Како може подрачјето да се користи сега и во иднина?
- Што доколку мојот проект го започнам сега, пред да се донесат одлуките?
- Дали на некои периферни места на подрачјето границата на подрачјето може да се помести?

Се поминува во најдобар ред кога ги имате одговорите и кога луѓето ги сметат за праведни и прифатливи. Уште од самото воспоставување на контактите треба да имате план како да ги одржите истите. Најчесто, за да се прифати нешто ново е потребно време, па дури и години. Прифаќањето најчесто започнува помеѓу младите. Коа се работи за големо и значајно подрачје треба да бидете подготвени да користите повеќе методи за учество  и да не заборавите да ја повторувате пораката одвреме навреме. Особено доколку сакате да ја освоите довербата.

На почетокот никогаш не може да знаете колку топло ќе бидете прифатени. Понекогаш дискусиите може да избегаат од целта и јавната средба да премине во дискусии за мислења и

ограничувања на Европската унија, наместо за конкретното предложено подрачје Натура 200 и можните придобивки од неговата ниминација како дел од мрежата..

Доколку информациите доспеваат премногу доцна до засегнатите страни, или доколку не се изнесуваат никакви официјални информации, ситуацијата може да доведе до конфликт. Лутите засегнати страни може да тврдат дека на подрачјето не постојат такви видови, или живеалишта кои вие тврдите дека се од значење. Тогаш ваштиот кредибилитет се става под знак прашање. Во најлош случај некој може намерно да се обиде да ги уништи вредностите, или барем некои од нив, на пример, со легална или нелегална сеча, или со отстранување на некои ретки видови за да си ги заштити своите интереси.

Затоа, најважната одлука и поедичените проблеми кои треба да се решат се однесуваат на тоа:

- Кога е право време да се информираат засегнатите страни?
- Како ќе ги информираме, кои методи ќе ги користиме?
- Дали имаме одговори за сите значани пршања што очекуваме да ги добиеме?
- Како да го ставиме во фоку позитивното влијание од зачувувањето?

# 12. Студија на случај 2: За засегнатите страни околу Националниот парк Пелистер и споменикот на природара Преспанското езеро

При подготовката на планот за инволвирање на засегнатите страни, беа спроведени интервјуа со засегнатите страни на двете целни подрачја на Проектот, Националниот парк Пелистер и споменикот на природата Преспанското езеро. (предложени Натура 2000 подрачја). Освен тоа, беа спроведени интервјуа и со претставници на државни институции, научници и НВО во Скопје. Најважните цели во спроведувањето на интервјуата беа:

- Да се добијат корисни нформации за 1) подготовката на Планот за инволвирање на засегнатите страни, 2) за престојното планирање на управувањето со целните подрачја, и 3) за подготовка на план за обука на зачувување на природата
- Да се запознаеме со луѓе кои се на клучни позиции помеѓу засегнатите страни и социјалното опкружување во кое опстојуваат овие заштитени подрачја
- Да се изнајдат идеи за подобрување на комуникацијата и соработката
- Да се разберат сите страни, проблеми и потешкотии со кои се соочуваат раководителите на заштитеното подрачје при спроведување на заштитата на природата

## Користени методи

Беа спроведени вкупно 36 интервјуа, користејќи го методот на слободна дискусија за одредена тема. Прашањата се поставуваа вербално и не беа идентични за секое интервју, поради што не се собраа мерливи податоци.

Темите во интервјуата беа:

- Контактите на организацијата со заштитеното подрачје, особено во целните подрачја
- Искуство и учество во претходните процеси на планирање на управувањето
- Познавање на програмата Натура 2000

- Гледишта и очекувања во врска со развојот на целните подрачја и соработката со нив
- Заинтересираност за обука во врска со планирањето на управувањето и спроведувањето на програмата Натура 2000

За жал, поради практични причини не бевме во можност да спроведеме интервјуа со сите за нас познати засегнати страни. На локално ниво идентификувавме скоро сто засегнати страни од различен вид. Изборот кои засегнати страни ќе ги интервјуираме беше направен во три фази:

- Од Националниот парк Пелистер и Општината Ресен, која е одговорна за управување соПаркот на природата Езерани испоменикот на природата Преспанското Езеро, побаравме листи на сите познати засегнати страни. Дополнително, беше добиена листа на државни институции, научни институции и НВО од национално ниво.
- Од секоја од овие три листи избравме по десет имиња (односно 50 имиња од Пелистер, 43 од Преспа и некои десетина на национално ниво) кои претставуваат институции на централно или локално ниво, НВО кои работат на прашања за животната средина, приватни претпријатија, научни тела, организации кои се грижат за подобрување на материјалниот опстанок на луѓето и донатори кои финансираат проекти за зачувување на природата во РМ. Изборот беше направен со истражување на постоечки податоци, податоци од претходните проекти и искуството на асистентот на постојаниот советник на Твининг проектот и лични препораки од активни НВО.
- За жал, некои од избраните организации не беа достапни во дадениот момент, и мораше да бидат заменети со некои други слични организации.

Повеќе од еднаш беа направени интервјуа и со администрацијата на двете заштитени подрачја. Интервјуата се спроведоа во период од 30ти јануари до 16ти април 2018. Секое интервју траеше од еден до два часа. Неколку од интервјуираните организации пратија повеќе од еден претставник на организацијата. Сепак, мислењата кои што ги добивме во помала или поголема мерка ги одразуваат личните ставови на интервјуираните лица, што е особено случај кога се користи метода во која прашањата не се испраќаат однапред, или во пишана форма.

Интервјуата ги спроведе Јоко Хогмандер, со поддршка на Рута Башките и Арто Ахокумпу. Превод на македонско- англиски јазик обезбедија Биљана Стевановска и Наташа Алексовска. Биљана даде и огромна помош за подготовката на состаноците со засегнатите страни.

Засегнатите страни беа поделени во следниве групи:

| Групи | Интервјуирани организации | Број на присутни лица |
|---|---|---|
| Организации на национално ниво | 10 | 23 |
| Локални организации околу НПП | 14 | 27 |
| Локални организации околу СП Преспанското езеро | 12 | 31 |
| Вкупно | 36 | 81 |

Организациите се од следниот состав:

| | Вкупно | Организации на национално ниво | Засегнати страни од НПП | Засегнати страни од СП Преспанско Езеро |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Владини | 8 | 2 | 5 | 1 |
| Општински | 8 | 1 | 2 | 5 |
| Администрација на заштитени подрачја | 3 | 1 | 1 | 1 |
| Приватни претпријатија | 9 | 0 | 6 | 3 |
| Научни тела | 2 | 1 | 0 | 1 |
| Унапредување на живот | 3 | 0 | 1 | 2 |
| НВО | 10 | 5 | 2 | 3 |
| Донатори | 2 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно* | 45 | 11 | 17 | 17 |

* Поради карактерот на некои засегнати страни, организациите може да се најдат во две полиња

Листата на интервјуирани организации се наоѓа на крајот од оваа Глава.

## Резултати од интервјуата

Атмосферата на сите интервјуа варираше од позитивна до неутрална. Лицата кои учествуваа беа флексибилни и дадоа корисни одговори, што ги направи интервјуата полесни. Беа добиени добри идеи и се надеваме дека самиот процес придонесе кон подобро заедничко разбирање.

Од дискутираните теми, првите три се однесуваат на досегашните искуства (контакти, управување и познавања за Натура 2000), додека наредните две се однесуваат на идните очекувања и интересите за обука.

Во однос на резултатите, истите не треба премногу да се генерализираат, бидејќи примерокот беше премал наниво на група, додека пак изборот на организациите не беше целосно случаен.

Во анализата подолу, не беа вклучени раководните лица од заштитените подрачја, од Јавното претпријатие Национален парк Пелистер и Секторот за животна средина на Општина Ресен. Тие во однос на дискутираните прашања имаат стручни познавања.

По завршување на сите интервјуа, со раководителот на Секторот за животна средина на Општина Ресен и администрацијата на Националниот парк Пелистер ја тестиравме табелата со анализа прикажана во Глава 6. Тестот покажа дека анализата е субјективна, различни лица различно ги лоцираат засегнатите страни. Друга забелешка е дека, овој метод, кој првично е креиран за бизнис субјектите, фунционира исто така и за администрацијата.

**Контакти со заштитените подрачја.**Контактите на приватните фирми околу НПП и администрацијата на паркот се на добро ниво. Заштитените подрачја им даваат подршка и лиценци за работа. Сепак, имаше и некои забелешки и желби во врска со практичното работење.Што се однесува до контактите на фирмите лоцирани околу Преспанското Езеро, тие се на пониско ниво, веројатно поради тоа што тие не го користат Езерото директно (или Паркот на природата Езерани) за нивните активности. Сепак, фирмите што се занимаваат со туризам привлекуваат посетители кои доаѓаат да уживаат на езерото, но активностите главно се одвиваат на нивна територија. НВО имаат многу контакти со двете целни подрачја, а државните институции ги остваруваат своите вообичаени работни контакти.

**Искуство и учество во претходните процеси на планирање на управувањето.**Скоро ниту една организација досега не остварила соработка при планирање на управувањето. Причина за тоа можеби е фактот што активности за планирање на управувањето и во двете заштитени

подрачја, НПП и СП Езерани, последен пат билеспроведени пред десетина години, а во Ресен скорашниот план за СП ПЕ најверојатно не бил интересен за засегнатите страни. Само НВО кои биле вклучени во процесот на планирање добро се запознаени со она што се случувало.

**Познавање на Натура 2000.**Европската мрежа на заштитени подрачја е новитет во РМ и сеуште не е добро позната. Освен тоа, идеите содржани во Директивите за живеалишта и птици се многу детални и комплицирани, па поради тоа и тешки за разбирање.

Многу мал број од лицата кои беа интервјуирани – 7 од 81 –учествувале на настани или промоции за Натура 2000. Надвор од ова, не постои никаков трансфер на знаење. Дури и името беше чудно за локалното население. За разлика од нив, НВО имаат прилично добро познавање за споменатите директиви, кои исто така и ги спроведуваат.

**Очекувања за понатамошен развој и соработка**. Во текот на дискусиите беа истакнати повеќе желби, очекувања и проблеми. Од гледна точка на овој труд, најзначајни се гледиштата за соработката со засегнатите страни.

Општиот впечаток е дека НВО и други институции и приватни претприемачи кои имаат директен контакт со заштитените подрачја би сакале да одржуваат добри односи, па дури и да ја подобрат соработката со раководителите на заштитените подрачја. Институциите кои се занимаваат со шумарство, пасишта и стопанисување со води, како и општината Битола, би сакале да имаат поблизок контакт со Националниот парк Пелистер. Тоа е позитивно од гледна точка на развивање на методи за партиципативно планирање. НВО се загрижени за зачувувањето на биодиверзитетот и поради тоа би сакале активно да бидат вклучени во процесите на планирање. За истата група на засегнати страни од големо значење се и планирањето на управувањето со целните подрачја, сите планови за подобрување на услугите и работите и активностите поврзани со шумарството.

Според коментарите на некои засегнати страни, плановите за управување се огромно парче хартија кое е неможно да се разбере и кое скоро воопшто не е поврзано со реалноста, во која недостатокот на ресурси ги блокира сите добри идеи и иницијативи. Освен тоа, според мислењето на голем број на засегнати страни, секој план за управување треба да содржи повеќе инвестиции за развивање на одржлив туризам. Во моментов, тие не го гледаат туризмот како ризик за одржливото употреба на подрачјето. Туристичките претприемачи се загрижени за квалитетот и добросостојбата на Преспанското езеро.Како таму, така и околу НПП засегнатите страни се загрижени за нелегалните активности, како фрлање на отпад и правење на депонии во СП Езерани. Во некои од дискусиите фрлањето на отпад и во НПП беше споменато, главно поврзано со берачите на бобинки. Берачите пак, имаа желба за воспоставување на подобра контрола на берењето без дозвола, при што еден од нив изрази желба за координирано берење. Голем број од засегнатите страни кои добро се запознаени со подрачјата се длабоко загрижени за територијалниот интегритет на заштитените подрачја: особено заради проширувањето на овоштарниците и новите хидроелектрани, кое се потенцираат како закани за заштитеното подрачје.

Ниското ниво на јавна свест за еколошките прашања е сериозен проблем. Две училишта во Ресен работат на подигање на свеста, делумно користејќи ги заштитените подрачја како цел и пример. Сепак, тие се соочуваат со сериозен недостаток на елементарни ресурси за остварување на својата цел.

Неколку забелешки се однесуваа на влезниците во НПП: иако се ниски, сепак се пречка за развојот на туризмот. Хотел Молика, кој работи во границите на НПП, се интересираше за

статистички податоци за бројот на посетители на паркот, и сезонските промени кои влијаат врз овој податок.

На овие прашања се дискутираше и со раководните кадри на заштитените подрачја од Битола и Пелистер. Тие се запознаени со овие забелешки и прават напори за истите да се најде решение. Сепак, голема пречка претставува недостатокот на материјални и човечки ресурси. Некои засегнати страни сметаат дека состојбата е неподнослива, бидејќи за да се финансираат активностите на администрацијата на НПП треба да врши сеча на шума во границите на паркот.

**Инетес за обукаво однос на планирањето на управувањето и натура 2000.** Помеѓузасегнатите страни постои интерес да се стекнат со повеќе знаења за тоа што нуди Европската Унија за заштита на природата. Оние засегнати страни кои работат на заштитените подрачја покажаа интерес за повеќе знаење за последиците од спроведувањето на Директивите за птици и живеалишта. Тие што веќе имаат некакви знаења, сакаат да знаат повеќе, или знаењата да ги прошират на својата организација. Но, тоа не е лесно. Тие сакаат да добијат едноставни и практични информации со примери блиски до нивниот секојдневен живот.

## Дискусија во врска со резултатите

Интервјуата даваат добра и пластична слика за групите на засегнати страни со кои работат заштитените подрачја во Битола и Ресен. За крај неколку забелешки:

- Соработката помеѓу засегнатите страни и вработените во заштитените подрачја е активна дури и во оваа фаза, но сеуште може да биде подобрена и проширена.
- Законодавството на ЕУ за заштита на природата носи предизвици, но процесот на прибирање на информации е веќе започнат. Пораката кои се испраќа на обуките и при соработката со засегнатите страни мора да биде актуелна и разбирлива и да е во врска со вистински места и проблеми.
- Друг предизвик е како да ги активираме засегнатите страни околу нас, а особено како да ги привлечеме оние најзначајните (највлијателните и најзаинтересираните)?
- Помеѓу интервјуираните групи, донаторите и НВО имаат најмногу познавања за зачувување на природата.
- Врз основа на интервјуата дадени се три препораки:
  1) Експертизата на засегнатите страни,научните совети формирани за двете заштитени подрачја и НВО се ресурси што треба да се користат при планирање на управувањето и имплементацијата на Натура 2000,
  2) Со засегнатите страни треба да се соработува поблиску преку поактивно работење на советите кои би обезбедувале обуки на различни теми, вклучувајќи и Натура 2000.
  3) На долг рок, инвестирањето во подигнувањето на јавната свест ќе даде позитивни резултати. На пример, може да се започне со решавање на проблемот со отпад, а кога засегнатите страни ќе станат целосно свесни за вредностите на природата околу нив (Пелистер, Преспа, Галичица и другите заштитени подрачја) заштитените подрачја ќе добијат поголема посветеност од страна на локалното население.

Во овој документ не може да се соберат сите резултати од интервјуата, но важно е да се напомене дека дискусиите резултираа во добри материјали за планирање на управувањето на СП Преспанско Езеро и НПП. Дополнително, тие ќе се користат и за обуките на вработените на заштитените подрачја и засегнатите страни.

### Листа на интервјуирани засегнати страни и администрацијата на заштитените подрачја

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Локална единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Битола и Ресен
Јавно претпријатие за пасишта
Јавно претпријатие Националниот парк Пелистер
Центар за јавно здравје, Битола
Водостопанство "Стрежево"
Општина Ресен, сектор за животна средина и инспекција
Општина Битола, сектор за животна средина
Мониторинг станица на Преспанското езеро
ОУ "Гоце Делчев", Ресен
Средно училиште "Цар Самоил", Ресен
Дом на култура "ДрагиТозија", Ресен
Град Скопје, сектор за животна средина
Локална акциона група "Преспа", Ресен
Здружение на заштита на природата
НВО "КНВП"
НВО "Екосвест"
НВО "Фронт 21/42"
НВО "Центар за климатски промени"
НВО "Акција Плус", Ресен
Здружение на овоштари "БлагојаА. Котларовски ", Ресен
Планинарски клуб "ДимитарИлиевски Мурато", Битола
Планински спортски клуб "Пелистер", Битола
ОН за животна средина, Скопје
УНДП, Ресен
Шумарски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј
Туристичка агенција "Балојани ДМЦ", Битола
Хотел "Рива", Стење
Плажа "Конект", Сливиница
Хотел "Езеро поглед", Отешево
Хотел "ШумскиФенери", Трново
Хотел "Молика", Пелистер
Берач на боровинка, Менде Стојановски
Берач на боровинка, ГоцеВеловски
Електрана Рек, Битола
Фарм "Агро ВА-НИ", Трново

## 13. Студија на случај 3: инволвирање на засегнатите страни во активностите на проектот

Заедничкото работење и соработката помеѓу експертите од земјите членки и земјата корисник се главниот предизвик на Твининг проектот, бидејќи соработката не треба да се ограничи само на централно ниво, туку треба да се прошири и кон засегнатите страни за сите теми поврзани со Проектот. Соработката и инволвираноста на засегнатите страни е предвидена во сите компоненти на Твининг проектот "Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата".

Инволвираноста на засегнатите страни е и очекуван задолжителен резултат од компонента 1, активност 1.4 „Одржување на најмалку две јавни расправи за презентирање на двата нацрт плана за управување“, и тоа: резултат В8 - Прва јавна расправа за презентирање на извештајот и В9 – Вторајавна расправа за презентирање на извештајот. Целта е првата јавна консултација да биде поврзана со студијата за валоризација на природните вредности (Активност 2.3), а втората за планирање на управувањето (Активност 1.1).

Компонента 3 се однесува на изготвување на методологија за мониторинг и Активност 3.5 „Одржување на две јавни расправи за за презентирање на нацрт методологијата и за подготовка на нацрт програма за мониторинг“ со очекуван резултат В21: Спроведена прва јавна расправа и доставен извештај и В22: Спроведена втора јавна расправа и доставен извештај. Овие консултативни работилници се наменети за истражувачите и клучните експерти. Целта е во првиот круг (очекуван резултат В21) да се организираат низа на мали тематски работилници со конктретни специјалисти за одредеени видови, а во втор круг (очекуван резултат В22) да се одржат состаноци на кои ќе се презентира целиот сет на протоколи за мониторинг и нацрт програмата за мониторинг.

Од друга страна, инволвираноста на засегнатите страни може и треба да се гледа како метод кој е интегриран во сите активности и работни процеси за време на целиот проект, како што треба да биде и дел од секојдневното управување на заштитеното подрачје. Во рамките на Твининг проектот вклучувањето на засегнатите страни треба да се смета и за можност за обука за теми поврзани со имплементацијата на Директивите за птици и живеалишта. Се препорачува информациите за Натура 2000 да бидат составен дел од сите средби со засегнати страни, секако со фокус на она што најмногу ги инетересира присутните. Ова е особено важно при подготовка на план за управување за пилот подрачјата, како што е прикажано подолу на слика.

Слика 2:




## Инволвирање на засегнатите страни во планирање на управувањето и Студијата за валоризација на природните вредности

Од интервјуата со засегнатите страни, опишани погоре во Студијата на случај 2, јасно се гледа заинтересираноста за соработка со администрацијата на паркот. Засегнатите страни може и треба да имааат важна улога во подготовката на плановите за управување. Имаме многу примери од кои се гледа дека поддршката е многу важна за да се зголеми квалитетот на соработката и прифатеноста помеѓу локалното население. Овој проект дава можност да се тестира отворениот метод во процесот на подготовка. Овој пристап на планирање на

управувањето практично ќе се применува во рамките  на активностите 1.1, 1.2, 1.4 и 2.3 на Твининг проектот.

Но како да ги инволвираме засегнатите страни? Советите на засегнати страни за НП Пелистер и Преспанското езеро – СП Езерани се одлична можност за подлабоко инволвирање. Советите треба да функционираат како управна група за време на целиот процес, во рамките на која ќе се зборува за клучните чекори во процесите на планирање. Правилниците за планирање на управувањето (ПУ) и студијата за валоризација (СВ) на природните вредности, ги идентификуваат следниве чекори:

- Член 5 (СВ): Проценка на местото
- Член 6 (СВ) Член 5 (ПУ): Стратегија:визија, цели и зони
- Член 5, 6, 7 (ПУ): Програми за управување и оперативни планови
- Член 5, 6, 7 (ПУ): Програми за управување, владеење, финансирање и администрација

Со Советите на засегнати страни мора да се разговараат барем овие четири чекори, од кои претпоставка е дека за програмите за управување ќе биде потребна повеќе од една средба.

Подготовката на програмите за управување е добра основа за подлабоко инволвирање и дискутирање со засегнатите страни. Во Правилникот за планови за управување има (во член 5) дефинирано 8 програми поврзани со активностите на заштитените подрачја , кои предвид ја земаат категоризацијата и целта на заштитеното подрачје. Тие се (по теми):

1) Зачувување и мониторирање на природното богатство
2) Одржливо користење на природните ресурси
3) Управување со шумските живеалишта и екосистеми
